кочевски

мичо
кочевски

---

кочовски
илија

опрема на каталогот
Кочевски Д. МИЧО

галерија
на современа
југословенска
графика
битола

од 24. 09. — 5. 10. 1975 година

АКАДЕМСКИТЕ СЛИКАРИ ДИМИТАР КОЧЕВСКИ — МИЧО И ИЛИЈА КОЧОВСКИ СЕ ВИСТИНСКИ ВЉУБЕНИЦИ ВО СЛИКАРСТВОТО. СЕКОЕ НИВНО ПЛАТНО Е РАБОТЕНО СО ВОНРЕДНО ГОЛЕМА ЉУБОВ, СО ЈАСНО ОПРЕДЕЛЕНА ЗАМИСЛА И СО ЖЕЛБА ВО ДЕЛОТО ДА СЕ ОСТАВИ КОЛКУ Е МОЖНО ПОВЕЌЕ ОД СОПСТВЕНОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ДАДЕНАТА ЧОВЕКОВА СУДБИНА, ЗА ПЕЈЗАЖОТ, ЗА МОТИВОТ ВООПШТО. И ВО ТОЈ ТВОРЕЧКИ НАПОР ДВАЈЦАТА МЛАДИ СЛИКАРИ ИМААТ МНОГУ ЗАЕДНИЧКО. КАЈ ДВАЈЦАТА ПОСТОИ ВИСОКА ДИСЦИПЛИНА ВО ПРИОДОТ КОН ТЕМАТА И ВО НЕЈЗИНОТО РАЗРАБОТУВАЊЕ, КАКО ШТО ПОСТОИ ДИСЦИПЛИНА И ВО НИВНОТО БАРАЊЕ НА НАЈСУШТЕСТВЕНОТО ВО СОЗДАВАЊЕТО. ВО ОСНОВАТА НА НИВНОТО ТВОРЕЧКО ИНТЕРЕСИРАЊЕ СЕ НАОЃА ЧОВЕКОТ, НЕГОВАТА СУДБИНА, ПРОСТОРОТ И ПЕЈЗАЖОТ ШТО ГО ОПКРУЖУВААТ. ТУКА Е СÈ ПОТЧИНЕТО НА ЧОВЕКОТ, СÈ Е ЗА ЧОВЕКОТ, ТАА ХУМАНИСТИЧКА НИТКА Е ПРОТКАЕНА ВО СИТЕ ПЛАТНА НА ДВАЈЦАТА ТАЛЕНТИРАНИ УМЕТНИЦИ. ТОА Е НАЈГОЛЕМАТА ВРЕДНОСТ НА НИВНИТЕ УМЕТНИЧКИ ОСТВАРУВАЊА.

ЛИКОВНИОТ ИЗРАЗ НА КОЧЕВСКИ И КОЧОВСКИ Е КУЛТИВИРАН, СКЛАДЕН. ТИЕ МОШНЕ ГРИЖЛИВО СЕ ОДНЕСУВААТ КОН БОЈАТА, ПА ЗАТОА ВО НИВНИТЕ СЛИКИ НАОЃАМЕ ТОЛКУ ХАРМОНИЧЕН РАСПОРЕД НА ТОНОВИ, НА КОЛОРИТНИ ПОЛИЊА КОИ СЕ СКЛАДНО ВКОМПОНИРАНИ ВО КОМПОЗИЦИЈАТА НА ДЕЛОТО. СÈ ШТО Е ОСТВАРЕНО ВО ОВАА СМИСЛА РЕЗУЛТАТ Е НА ЗДРАВО РАЗМИСЛУВАЊЕ УШТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА БАРАЊЕТО НА НАЈЕЛЕМЕНТАРНОТО, КАКО И ВО ТЕКОТ НА УМЕТНИЧКОТО ТРАНСПОНИРАЊЕ, И ОТТУКА ОНАА ПОДАТЛИВОСТ ВО УМЕТНИЧКАТА ПОРАКА ШТО ЈА НОСАТ ПЛАТНАТА НА ДВАЈЦАТА УМЕТНИЦИ.

ОСВОЈУВА ГРИЖАТА ЗА ЧОВЕКОВАТА СУДБИНА ВО ДЕЛАТА НА ДВАЈЦАТА СЛИКАРИ. ТАА ОПСЕСИЈА ДОАЃА ОТТАМУ ШТО ВО РАЗМИСЛУВАЊАТА НА УМЕТНИЦИТЕ ЗА СУДБИНАТА НА СОВРЕМЕНИОТ, НАШ ЧОВЕК СЕ ВТКАЈУВА СОЗНАНИЕТО ДЕКА ПО ЧОВЕКОВОТО ОДЕЊЕ НЕ ИСЧЕЗНУВА СÈ ШТО Е ЧОВЕЧКО. ТРАГИТЕ ЧОВЕКОВИ ЗАОРУВААТ БРАЗДИ И ВО ИДНИНАТА, КАКО ШТО ЗАОРАЛЕ ВО МИНАТОТО. КОНТИНУИТЕТОТ НА ЧОВЕКОВОТО ТРАЕЊЕ НИЗ ВРЕМЕТО Е ОБЈЕКТИВНА СТВАРНОСТ КОЈА ИМ Е НАЈПОДАТЛИВА ТОКМУ НА УМЕТНИЦИТЕ, НА ВИСТИНСКИТЕ ТВОРЦИ. ОД ЕКСПОНАТИТЕ СЕ ГЛЕДА ДЕКА ТАА УМЕТНИЧКА ВИСТИНА ИМ БИЛА ПОДАТЛИВА И НА КОЧЕВСКИ И НА КОЧОВСКИ.

ДОНЕ ПАНОВСКИ, ЛИТЕРАТУРЕН КРИТИЧАР



**КОЧЕВСКИ ДИМИТАР — МИЧО,**
**академски сликар**
**Битола, Прилепска 51**

Роден во с. Св. Петка 1943 год. Завршил Училиште за применета уметност вэ Скопје. Дипломирал на Академијата за применета уметност во Белград 1968 год., сликарски отсек, во класата на проф. А. Томашевиќ.

Самостојни изложби

1971 год. — Битола, 1973 год. — Битола (со И. Кочовски) и 1974 год. — Битола

Групни изложби

Излагал на сите традиционални ноемвриски изложби во Битола од 1967 год. Од 1973 год., како член на ДЛУМ, излага на сите есенски изложби на ДЛУМ.

1974 год. — Кралево „Југословенските сликари за спомен парк — Кралево"

1974 год· — Скопје „Жената како инспирација на уметникот"

Откупни награди 1967 и 1968 година.





**КОЧОВСКИ ИЛИЈА,**

**академски сликар**
**Битола, Солунска 179**

**Роден во Битола 1945 година. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје, сликарски отсек, и Академија за ликовна уметност, сликарски отсек, во Белград, во класата на професорот Стојан Челиќ.**
**Излагал на сите традиционални ноемвриски ликовни изложби во Битола од 1967 год.,**
**1973 во Белград — „Диплома 73",**
**1973 во Битола со Д. Кочевски,**
**1974 во Белград „Војници-ликовни уметници".**
**Откупни награди 1967, 1972, 1974 година.**



## КОЧЕВСКИ

1. Размислување
2. Црвениот канаринец
3. Носач
4. Носач II
5. Во чест на Шопен II
6. Гордост
7. Моќта на судбината
8. Жена со розов чадор
9. Понадица
10. Гајдаџија
11. Дете и мртва птица
12. Инсект
13. Никогаш повеќе...

## КОЧОВСКИ

1. Портрет на С. Р.
2. Семкар
3. Икар
4. Икар II
5. Сеќавање
6. Минувач
7. Сончогледи
8. Мотив од Радика
9. Пелистер
10. Стремеж
11. Непознатиот
12. Од спокој кон немир